Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии					
1.	Наслов на наставниот предмет	**ТЕХНОЛОГИЈА НА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ**				
2.	Код	**ФЗНХ 180**				
3.	Студиска програма	**Производство и преработка на земјоделски производи и храна**				
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**				
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**				
6.	Академска година/семестар	**Трета година; V семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**	
8.	Наставник	**Проф. д-р Срећко Ѓорѓиевски**				
9.	Предуслови за запишување на предметот	Пожелни се предзнаења од земјоделска техника, математика, статистика, житни култури, индустриски култури, крмни растенија, споредни производи од преработувачката индустрија, основи на исхрана на животните, применета исхрана на животните.				
10.	Запознавање на студентите со крмите кои се користат во исхраната на животните, како и технологијата на преработка на крмите и производство на различни типови и форми на крми и крмни смески. Стекнување на практични знаења од областа на контрола на квалитетот на храната за животни и примена на стекнатите познавања за хранливата вредност на крмите, при подготовка на комплетни оброци и крмни смески за исхрана на животните.					
11.	**Содржина на предметната програма:** Студентите ќе се запознаат со функцијата и значењето на предметот за статусот на сточарството-анималното производство и животната средина. Стекнување на сознанија за крмите и крмните смески. Класификација на крмите. Начини на определување на хранливата вредност на храната за животни. Физичко-хемиски методи за анализа на храната за животни. Крми од растително потекло: свежи кабести крми; суви кабести крми, коренести, кртолести крми и сочни плодови, конзервирани кабести крми –. квалитет и оцена на свежи, суви и конзервирани кабести крми. Концентрирани крми: житни зрна, легуминозни зрна, маслодајни семиња. Споредни производи од прехранбената индустрија – мелничка индустрија, индустрија за шеќер, масло, алкохол, скроб. Крми од животинско потекло: млеко и млечни производи: полномасно млеко, обезмастено млеко во прав, сурутка, казеин и лактоалбумин. Производи од преработка на риба. Споредни производи од кланична индустрија – месно, месно-коскено, крвно и брашно од живински пердуви. Производи од кафилерии – месно, месно-коскено и коскено брашно. Квасци и други едноклеточни извори на протеини - Добиточен квасец, SC - протеини, планктон. Хранливи адитиви - амино киселини и NPN, витамини, макроелементи, микроелементи. Адитиви од ненутритивен карактер: - технолошки, за зголемување на сварливоста, стимуланси за раст, метаболички регулатори, пробиотици, пребиотици и профилактици. Квалитет и оцена на концентрирани крми. Методи за обработка и подобрување на хранливата вредност на крмите: суви и хидротермални. Индустриско производство на готова храна за животни. Законски и подзаконски прописи релевантни за квалитетот и безбедноста на храната за животни. Последното 15-то предавање ќе се реализира преку теренска настава на студентите со посета на сточарски фарми и оператори со храна за животни во РСМ.					
12.	Методи на учење: Наставата ќе се реализира со теоретски предавања целосно покриени со Power Point и видео презентации, ќе се практикуваат и дискусии, изучување на практични случаи, студии на случај, изработка на групни и индивидуални семинарски задачи. Практичната работа ќе се реализира паралелно преку Пољер Поинт и видео презентации, практична настава на терен, анализа во лабораторија, обработка и презентирање на резултати, самостојно и поединечно решавање на конкретни проблеми кои се актуелни од областа на исхраната на животни.					
13.	Вкупен расположлив фонд на време	**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**				
14.	Распределба на расположливото време	**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**				
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови	
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови	
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови	
		16.3	Домашно учење	**65**	часови	
17.	Начин на оценување					
	17.1	Тестови		**60**	бодови	

	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**		бодови
	17.3	Активност и учество		**30**		бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		**до 50 бода**	**5**	**(пет)**	**(Ф)**
			од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест)**	**(Е)**
			од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум)**	**(Д)**
			од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум)**	**(Ц)**
			од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет)**	**(Б)**
			од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет)**	**(А)**
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит					
20.	Јазик на кој се изведува наставата		**Македонски**			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		**Анонимна анкета на студентите**			

22. Литература

22.1 Задолжителна литература

Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
1.	Милосављевиќ, З., Пауча, Б.	Сточна храна	Пољопривредни факултет, Београд, РС	1978
2.	Kalivoda, M.	Krmiva	Veterinarni Fakultet, Zagreb	1990
3.	Ѓорѓиевски, С.	Работна скрипта – извадок од практикум за исхрана на животни	ФЗНХ, Скопје	2010
4.	D. Kolarski, A. Pavličević, :	Praktikum ishrane domaćih životinja	Poljoprivredni fakultet, Beograd, RS	1977,
5.	Glamočić, D.	Ishrana preživara-praktikum	Univerzitet u Novom Sadu, Poljoprivredni fakultet, RS	2002
6.	Jovanović, R., Dujić, D., Glamočić, D.	Ishrana domaćih životinja	Univerzitet u Novom Sadu, Poljoprivredni fakultet, RS	2000

22.2 Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
7	W. Pond, D. Church, K. Pond, P. Schoknecht	Basic animal nutrition and feeding	John Wiley & Sons Inc., USA	2005